„‚Аллах и Неговиот пратеник го забранија продавањето на виното, мршината, свињата и идолите.‘

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како додека бил во Мека во годината на освојувањето, вели: „‚Аллах и Неговиот пратеник го забранија продавањето на виното, мршината, свињата и идолите.‘ Некој го праша: ‚О, Божји пратенику, а што е со лојот од мршината? Таа се користи за премачкување на бродовите, за обработка на кожата и како гориво за светилките.‘ Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: ‚Не, тоа е харам.‘ Потоа додаде: ‚Аллах нека ги уништи евреите! Кога Аллах им го забрани лојот, тие го растопија, го продадоа и јадеа од парите што ги добија за неа.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него, слушнал како Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во годината на освојувањето, додека бил во Мека, вели: „‚Аллах и Неговиот пратеник го забранија продавањето на виното, мршината, свињата и идолите.‘ Некој тогаш праша: ‚О, Божји пратенику, дали ни е дозволено да ја продаваме маста од мршината? Бидејќи со неа се премачкуваат бродовите, се обработуваат кожите и со неа ги палат своите светилки.‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: ‚Не, нејзината продажба е харам.‘ Потоа додаде: ‚Аллах нека ги уништи и проколне евреите! Кога Аллах им ја забрани маста од стоката, тие ја стопија, ја продадоа и јадеа од нејзината цена.‘“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4556